Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА" А.Д.
Бр. 02 - 454/11
Прилеп, 15-04 2022 год.

Врз основа на членовите 86 од Статутот на П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст), Одборот на директори на П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп на седницата одржана на ден 15.04.2022 год. едногласно ја донесе следната:

# О Д Л У К А бр. 9/4/2022-О.Д.

*(за назначување корпоративен секретар за потребите на Одборот на директори)*

**Член 1**

**За корпоративен секретар на П.И.„Витаминка" АД Прилеп, за потребите на Одборот на директори на друштвото, се назначува Орде Ѓорѓиоски, Директор на правни и општи работи.**

**Член 2**

**Улогата на корпоративниот секретар е:**

**а. Да обезбеди организациска и професионална поддршка на одборот на директори, претседателот на одборот и на комисиите;**

**б. Да ги советува одборот на директори и комисиите за нивните одговорности и законските обврски;**

**в. Да присуствува и да води записник на состаноците на одборот на директори и на комисиите;**

**г. Да обезбеди правилно спроведување на постапките утврдени во Деловникот за работа;**

**д. Да му помага на одборот на директори и, доколку тоа од него се побара, на извршниот член на одборот на директори, со цел да се подобри ефикасноста и квалитетот на нивната работа, меѓу другото, и преку организирање обука за членовите;**

**ѓ. Да организира собрание на акционери и да обезбеди постоење на јасна комуникација со акционерите за тоа како тие можат да ги остварат своите права; и**

**е. Да извршува други административни задачи поврзани со корпоративното управување на друштвото.**

**Член 3**

**Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во делот од Кодексот за корпоративно управување кој што се однесува на поддршката на Одборот на директори, се статуирани обврските на корпоративниот секретар, чија улога е да пружи стручна и професионална поддршка на одборот на директори, но и да ги организира седниците на одборот и собранието на акционери. Особено важна е улогата на корпоративниот секретар во делот на законското усогласување и работење. Директорот на правни и општи работи во „Витаминка" АД располага со потребните квалификации за да одговори на доверената улога и одговорности.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одбор на директори:**

1. **Симон Наумоски, Претседател** ________________
2. **Сашо Наумоски, Генерален извршен директор** ________________
3. **Благоја Ѓорѓијовски, Неизвршен член** ________________
4. **Горан Рафајловски,Независен неизвршен член** ________________

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА" 1 ПРИЛЕП